РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11 - 593/1
05 -02- 2024
Скопје

**ИЗВЕШТАЈ**
за антикорупциска проверка на
Законот за возила,
Правилникот за технички преглед на возила и
Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висина на трошоците во постапката.

**Наслов:**

Закон за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16, 161/19, 161/19 )

Правилник за технички преглед („Службен весник на Република Македонија" бр.81/2010)

Правилник за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.164/2020)

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**

По сопствена иницијатива, врз основна на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019).

**Област:**

сообраќај

**Генерална оценка**

**1. Осврт на барањето :**

Со законот за возила(„Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16, 161/19, 161/19 ) се утврдуваат условите за пуштање на пазар и почетокот на користење на возилата, регистрацијата и техничката исправност на возилата, условите за извршување на работи на техничките

служби, правните лица за технички преглед и правните лица за регистрација и регистарот на податоци за возила.

Целта на овој закон е обезбедување на висок степен на безбедност на сообраќајот на патиштата и при изведување на земјоделски и шумски работи, заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност.

Со Правилникот за технички преглед на возила се пропишуваат поблиските критериуми на просторните услови, опремата, уредите и кадрите за правните лица за технички преглед, како и за калибрацијата и верификацијата на уредите и опремата; барањата што треба да ги исполнуваат возилата за да бидат технички исправни, начинот и постапката за вршење на технички прегледи; постапките за извршување на работите на технички преглед, како и начинот и постапката за извршување на прегледот на техничката исправност на возилата со кој се врши превоз во сообраќајот на патиштата.

Со Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката се пропишува формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката.

**2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:

Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019 )

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија " бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на Законот за возила и споменатите Правилници , го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупција по извршената анализа и оценка на одредбите од Законот за возила и Правилникот за технички преглед на возила и Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висина на трошоците во постапката, најде на постоење на недостатоци кои можат да продуцираат ризици од корупција.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Образложение

1.Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, спроведе антикорупциска проверка на одредбите од Законот за возила, Правилникот за технички преглед на возила и Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висина на трошоците во постапката.

Законот за возила ги утврдува условите за пуштање на пазар и почетокот на користење на возилата, регистрацијата и техничката исправност на возилата, условите за извршување на работи на техничките служби, правните лица за технички преглед и правните лица за регистрација и регистарот на податоци за возила.

Целта на овој закон е обезбедување на висок степен на безбедност на сообраќајот на патиштата и при изведување на земјоделски и шумски работи, заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита на животната средина и природата и енергетската ефикасност.

Правилникот за технички преглед на возила ги пропишува поблиските критериуми на просторните услови, опремата, уредите и кадрите за правните лица за технички преглед, како и за калибрацијата и верификацијата на уредите и опремата; барањата што треба да ги исполнуваат возилата за да бидат технички исправни, начинот и постапката за вршење на технички прегледи; постапките за извршување на работите на технички преглед, како и начинот и постапката за извршување на прегледот на техничката исправност на возилата со кој се врши превоз во сообраќајот на патиштата.

Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката ги пропишува формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката.

По спроведената антикорупциска проверка на споменатиот закон и подзаконските акти, Државната комисија констатираше дека постојат недостатоци кои можат да продуцираат ризици од корупција.

1.1 Имено, со член 62-а од Законот за возила е уредено прашањето за начинот и постапката за добивање на овластување за вршење на технички преглед на возила.

Според ставот 1 од овој член правните лица за да вршат работи на технички преглед на возила треба да бидат овластени со решение на Министерството за внатрешни работи ( во натамошниот текст –МВР).

Според ставот 2 од истиот член за добивање на овластувањето, правното лице треба да поднесе барање до МВР.

Според ставот 3 формата и содржината на барањето од ставот 2 на споменатиот член, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Во ставот 5 алинеите 1-9 е пропишано кои доказите треба да ги достави правното лице при поднесување на барањето до МВР за добивање на овластување за вршење на технички преглед. Во алинеата 2 е пропишано дека правното лице кон барањето треба да достави докази за стручниот кадар дека се вработени на определено или неопределено време со полно работно време, стручна подготовка, специјалистички испит, работно искуство, дозвола за возач за најмалку „Б" категорија и лиценци за работа.

Во членот 3 од Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката подетално се пропишани кои докази треба да бидат приложени кон барањето за добивање на овластување за вршење на технички преглед.

Во точката 5 од членот 3 на посочениот Правилник е пропишано дека кон барањето за добивање на овластување треба да се достави доказ за работно искуство на стручниот кадар при што е прецизирано дека за доказ за утврдување на наведениот факт се смета преглед на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија и преглед од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Со членот 19 од Правилникот за технички преглед на возила се пропишани поблиските критериуми за кадрите за овластените правни лица.

Во ставот 1 од член 19 од Правилникот за технички преглед е пропишано дека во овластено правно лице, следење и изедначување на критериумите за вршење на технички преглед на возила, давање стручна помош и инструирање на стручни лица кои вршат преглед и стручен надзор над квалитетот и законитоста во вршење на технички преглед го врши раководител со завршено високо образование од соодветна струка (машински факултет-насока моторни возила, Електротехнички факултет, Сообраќаен факултет-насока патен сообраќај) и со работно искуство од најмалку три години од областа на моторни возила.

Во ставот 2 од истиот член е пропишано дека технички преглед на возилата во овластено правно лице вршат најмалку две стручни лица за вршење на технички преглед кои имаат :

-Завршено средно стручно образование од сообраќајна, машинска и електротехничка струка,

-потврда за положен стручен испит за оспособеност,

-возачка дозвола за управување на возило најмалку од „Б" категорија и

-работно искуство од најмалку три години од областа на моторните возила.

Од анализата на посочените одредби произлегува неспорниот обид на законодавецот за користење на кохерентна правна техника кои одредбите ги прави меѓусебно поврзани, како и избегнување на лошо формулиран и неразбирлив јазик. Исто така анализата на посочените одредби произлегува и фактот дека таквиот обид, намерно или не во целост не е успешен.

Имено во посочените одредби суптилно се провлекува одреден степен на недостаток на јасност и прецизност во делот кој се однесува на потребното работно искуство кое треба да го поседува стручниот кадар на правното лице кое претендира да добие овластување за вршење на работи на технички преглед на возила. Ова се однесува на потребното работно искуство во областа дефинирана од страна на законодавецот како „работно искуство од областа на моторни возила". Овој термин е преопшт и нејасен. Недостатокот на јасност и прецизност во пропишувањето на критериумите кои треба да ги исполнуваат кадрите на правните лица претенденти за добивање на овластување за вршење на работи на технички преглед остава простор за различно толкување и невоедначеност во оценката дали се исполнети условите и критериумите за добивање на овластувањето. Оставањето на таквата можност претставува ризик за субјективизам во проценката, а кој сам по себе претставува ризик фактор, а со тоа и создавање поволно тло за корупција.

Ваквиот недостаток на јасност и прецизност во делот кој се однесува на дефинирањето на потребното работно искуство и областа во кое тоа треба да биде остварено се манифестира и во член 66-а од Законот за возила во кој се пропишани условите кои треба да бидат исполнети за да едно лице може да полага стручен испит за оспособеност за извршување на работи на стручен раководител и стручен работник за технички преглед во правните лица кои имаат овластување за технички преглед.

Имено, како и во погореанализираните одредби во членот 66-а став 1 алинеа 4 е пропишано дека стручен испит може да полага лице кое, меѓудругото, треба да го исполнува условот:- да има завршено машински факултет, сообраќаен факултет или ектротехнички факултет и работен стаж од најмалку 6 месеци од областа на моторни возила или да има завршено средно техничко училиште од машинска, сообраќајна или електротехничка насока и работен стаж од најмалку 12 месеци од областа на моторни возила.

1.2. Исто така од анализата на посочените одредби од Законот и подзаконски акти, секоја одредба посебно и сите заедно во една целина, може да се констатира користење на различни термини (работно искуство, работен стаж) за кои евидентно е дека за законодавецот има исто значење, имајќи го предвид членот 3 став 1 точка 5 од Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на овластување за вршење на работи на технички преглед на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката, во кој е појаснето како се докажува работното

искуство. Користењето на различни термини за едно исто нешто за законодавецот, а кое нешто може да се констатира посредно преку сеопфатна анализа на законските одредби и одредбите на гореспоменатите подзаконски акти, доведува до недостаток на јасност и прецизност на одредбите овозможувајќи поволен терен за различно толкување на истите од случај до случај, а со тоа и сериозен простор за корупција.

2. Со член 66 и член 66-а од Законот за возила се пропишани условите, начинот и постапката за полагање на испит и обновување на знаењето.

Според член 66 став 1 кандидатите за извршување на работи на стручен раководител и стручен работник за технички преглед во правните лица за технички преглед треба да положат стручен испит за оспособеност. Стручниот испит се полага пред комисија формирана од министерот за внатрешни работи, која е составена од претседател и два члена.

Според член 66 став 2 кандидатите за извршување на работите во правните лица за технички преглед кои вршат идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, треба да положат стручен испит за оспособеност. Стручниот испит се полага пред Комисија формирана од министерот за економија, која е составена од претседател и два члена.

Според член 66-а став 8 од истиот закон е пропишано дека стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит за кандидатите за извршување на работите на стручен раководител и стручен работник за технички преглед во правните лица за технички преглед ( стручен испит од член 66 став 1), ги врши министерството за внатрешни работи за што министерот за внатрешни работи определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за внатрешни работи.

Во членот 66-б став 5 е пропишано дека стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит за кандидатите за извршување на работите во правните лица за технички преглед кои вршат идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возила (стручен испит од член 66 став 2) ги врши министерството за економија за што министерот за економија определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар избрано од министерот за економија.

Анализирајќи ги наведените одредби низ призмата на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси може да се констатира дека добиениот приказ јасно отсликува постоење на дискрециони овластувања дадени на министерот за внатрешни работи и на министерот за економија.

Исто така анализата на споменатите одредби укажува на отсуство на било какви објективни услови и критериуми за формирање на комисијата за полагање на наведените стручни испити, како и отсуство на исти такви објективни услови и критериуми за определување на одговорно лице од страна на министерот за внатрешни работи и од министерот за економија, а чија улога е да утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот или не. Исто така евидентно е отсуство на одредби со кои би се пропишале начинот и постапката за избор на правно лице кое технички ќе го спроведе полагањето на стручниот испит.

Анализата исто така покажува отсуство и на пропишани објективни и мерливи услови и критериуми за разрешување на претседателот и членовите на комисиите за полагање на стручен испит, како и на одговорното лице за утврдување на исполнување на условите за полагање на стручниот испит определено од страна на споменатите министри.

Кога на сето ова ќе се додаде дека за членувањето во комисијата која ја формира министерот за внатрешни работи и за членувањето во комисијата која ја формира министерот за економија, како и на определените одговорни лица од страна на споменатите министри, кои утврдуваат исполнување на условите на кандидатите за полагање на испитот, им следува соодветен паричен надоместокот ( член 66-а став 11 и став 14, односно член 66-б став 8 и став 11), а кој надоместок исто така го определува министерот за внатрешни работи, односно министерот за економија, јасно го затвора кругот за потенцијалната корупција и судир на интереси.

Отсуството на дефинирање на јасни и прецизни механизми за ставање на посочените дискрециони овластувања во одредена разумна рамка, која ќе биде во согласност со членот 63 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, продуцира поволно тло за корупција ( пасивна и активна ) и судир на интереси при тоа создавајќи услови за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг.

Се на се, сето горенаведено во суштина претставува висок ризик фактор за корупција, можност за политичко влијание, тргување со моќ, како и искористување/ злоупотреба на функцијата за остварување на корист директно или преку посредник за себе или за друг.

## Можните штети што би се предизвикале од примена на Законот

Нејасноста и непрецизноста на предметните одредби од законот, дискреционите овластувања, како и отсуството на заштитен механизам од можни злоупотреби продуцираат потенцијален висок ризик од корупција и судир на интереси. .

Сето ова создава плодно тло за политичко влијание, тргување со моќ, создавање на клиентелистички односи, сервилност, со далекусежни мултиплицирачки негативни ефекти врз примената на целокупната законска регулатива од предметната област.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**Заклучоци и препораки**

Државната комисија за спречување на корупција по извршената анализа и оценка на предметните одредби од Законот за возила и посочените подзаконски акти , најде на постоење на недостатоци кои можат да продуцираат ризици од корупција и судир на интереси поради што заклучи дека е потребно преоценување на одредбите од законот и подзаконските акти кои ги уредуваат посочените прашања, заради отстранување на ризиците и тоа во насока на:

- Прецизирање одредбите од законот и подзаконски акти во делот на потребно работно искуство/работен стаж во областа на моторни возила.
- Прецизирање на одредбите за избор на претседател и членови на комисиите за полагање на стручен испит, на начин што се бидат пропишани објективни услови и критериуми за нивен избор и разрешување.
- Прецизирање на одредбите во делот на определување на одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испит, на начин што стручните и административните работи за потребите на стручните испити во министерството за внатрешни работи и министерството за економија ќе ги извршува соодветна организациона единица во чиј делокруг ќе ја има таа работна задача, односно вработен во организациона единица, како редовна работна задача, согласно актите за организација и систематизација на работи места кај споменатите министерства.
- Укинување на одредбата за определување на одговорно лице и за паричниот надоместок на определеното одговорно лице, на начин што обврските на определеното одговорно лице како редовна работна обврска и задача ќе ги извршува соодветна организациона единица, односно вработен во соодветна организациона единица, како редовна работна задача и обврска, за што прима месечна плата, согласно со систематизациите на работни места во Министерството за внатрешни работи и Министерството за економија.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил :
Одобрил:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk